# III тема:
# Митологија и верувања
## III.3 Свештеници и пророчишта

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Која била улогата на свештениците во антиката?

- Античките свештеници биле прислужници на олимпските богови.
- Нивните улоги биле да:

✓ вршат обреди (молитви, принос на жртви);
✓ го негуваат култот кон одредено божество;
✓ ги чествуваат боговите на верските празници;
✓ организираат верски свечености;
✓ се грижат за светилиштето.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Свештенството во Рим

- Во стариот Рим свештениците имале свое собрание наречено collegium. На чело на собранието управувал врховен свештеник pontifex maximus.
- По врховниот свештеник, главна улога имале:

➤ rex sacrorum (кралот на светиите),

➤ flamines, назначени свештеници слуги на олимпските богови и

➤ sacerdotes Vestalis, шесте девици Весталки.


Pontifex Maximus

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Слики со приказ на Весталките и свештениците прислужници



Шесте Весталки



Свештеници прислужници на олимпските богови

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 4. Свештеници со пророчки моќи



- Покрај званичната функција на богослужење, некои свештеници ја имале моќта на пророкување, односно претскажување на идните настани со посредство на божеството.
- Ширум антиката биле прочуени некои жени пророчици наречени *сибили*. Иако се верува дека, всушност, Сибила била пророчица од Мала Азија која живеела во V-тиот век пр. н.е., од IV-тиот век пр. н.е. понатаму се појавиле многу жени пророчици наречени *сибили*.
- Историјата ги помни вкупно 10 на број: делфиска, еритрејска, кумајска, персиска, либиска, кимерска, самоска, хелеспонтска, фригиска и тибуртинска.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 5. Питија од Делфи

- Делфиската сибила била прочуена како Питија. Таа пророкувала во пророчиштето што се наоѓало во храмот на богот Аполон во Делфи. Седела на триножец, вдишувала пареа од пукнатината на земјата и ги претскажувала идните настани одговарајќи на прашања на мнозина.
- Нејзините пророштва биле двосмислени бидејќи немале интерпункција во реченицата.
- Латинската реченица најдобро ни ја опишува оваа двосмисленост во зависност од тоа каде е запирката:
  - Ibis redibis, nunquam peribis in bello
    (Ќе одиш ќе се вратиш, никогаш нема да загинеш во војна)
  - Ibis redibis nunquam, peribis in bello
    (Ќе одиш никогаш не ќе се вратиш, ќе загинеш во војна)



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 6. Свештеници кои пророкувале преку гатање



- Во религиозниот свет на Хелените и Римјаните постоеле и свештеници-жреци кои пророштвата ги добивале преку гатање врз природните појави.
- Жреците птицогаталци кои пророкувале преку летот на птиците во Рим ги нарекувале *авгури*.
- Жреците *харуспици* гатале преку внатрешните органи на животните, често преку црниот дроб.
- Некои жреци гатале преку шумолењето на лисјата на дрвата, а некои преку жуборењето на изворите, потоците (аеромантија, хидромантија).

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Каква улога имале античките свештеници?
- Имале улога да вршат обреди, да го негуваат култот кон одредено божество, да ги чествуваат боговите на верските празници, да организираат верски свечености и да се грижат за светилиштето.

- Кој бил pontifex maximus?
- Врховен свештеник во стариот Рим.

- Кои биле сибилите и колку биле на број?
- Сибилите биле жени кои имаале моќ на пророкување, а историјата ни открива дека постоеле десет од нив на различни места во античкиот свет.

- Која била прочуената делфиска сибила?
- Питија.

- На што гатале авгурите?
- На летот на птиците.

- На што гатале харуспиците?
- На органите или состојбата на жртвуваното животно.

- Кои биле свештеничките Весталки?
- Римски свештенослужителки на божицата Веста, биле шест на број, тие го одржувале светиот оган во храмот на божицата.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# УЧИЛИШНА ЗАДАЧА:
# Која била Питија од Делфи? Истражи!

- Изработи истражувачки труд во Мајкрософт Ворд на една страница.
- Тема за истражување е *Питија од Делфи*.
- Побарај податоци и слики на интернет.
- Доколку немаш компјутер, трудот изработи го во тетратка со податоци од мобилен уред.
- Презентирај го трудот на час и прикачи го во Мајкрософт Тимс/НПУД.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND